**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**

за поправка и одржување на улично јавно осветлување на подрачјето на Општина Битола, рурални средини:

реони Бистрица, Цапари и Кукуречани за 2025 година

## ВОВЕД

Со оваа програма се уредуваат начинот на работа и активностите на Јавното претпријатие „Комуналец“ - Битола за поправка и одржување на уличното јавно осветлување на подрачјето на Општина Битола, **во рурални средини на реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани за 2025 година**. Во програмата се утврдени динамиката на извршување, финансирањето и надзорот над извршените работи.

## ЦЕЛ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Целта на оваа оперативна програма е да се обезбеди континуирано, безбедно и енергетски ефикасно функционирање на системот за улично јавно осветлување.Програмата има за цел да:

1. **Обезбеди безбедност и сигурност**
   - Подобрување на условите за движење на возила и пешаци, особено во вечерните и ноќните часови.
   - Намалување на ризикот од сообраќајни несреќи и криминални активности.
2. **Гарантира континуитет во функционирањето**
   - Навремено идентификување и отстранување на дефекти.
   - Минимизирање на времето на неисправност на светилките.
3. **Подобри енергетската ефикасност**
   - Оптимизирање на потрошувачката на електрична енергија и намалување на оперативните трошоци.
4. **Зголеми животниот век на инфраструктурата**
   - Редовно одржување и превентивни интервенции за продолжување на работниот век на светилките, столбовите и поврзаните компоненти.
5. **Подобри квалитетот на услугата**
   - Обезбедување доволна осветленост според пропишаните стандарди.
6. **Промовира одржливост и заштита на животната средина**
   - Користење технологии кои се во согласност со еколошките стандарди.

Оваа оперативна програма ќе придонесе за создавање побезбедна, пофункционална и поодржлива рурална средина, обезбедувајќи подобар квалитет на живот за сите жители.

**ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Оперативниот дел на програмата ги опфаќа сите активности за редовно одржување и поправка на системот за осветлување, со претходно издаден работен налог од Општина Битола.

1. **Рутинско одржување**
    - **Проверка на електричните инсталации**: Инспекција на електричните врски за спречување кратки кола или губење на електрична енергија.
    - **Затегнување на конструктивни делови**: Проверка и затегнување на завртки и други делови на столбовите за обезбедување стабилност и безбедност.
2. **Интервентно одржување**
    - **Реакција на пријави од граѓаните**: Брза реакција на пријавени дефекти и нивно отстранување во рок од 24-48 часа.
    - **Поправка на светилки и замена на дефектни делови**: Инстантно решавање дефекти како прегорени светилки, изгорени осигурувачи или неисправни контролни елементи.
    - **Обезбедување безбедност при поправка**: Примена на мерки за заштита и безбедност при извршување на поправките.
3. **Документација и известување**
    - **Евиденција на интервенции**: Водење детална документација за сите извршени интервенции, со внесување на датуми, точна локација, име и презиме на пријавителот, типови поправки и употребени материјали.

| Р.бр | **рурални средини** | Број на сијалични места |
|---|---|---|
| 1 | Поправка и одржување на улично јавно осветлување на подрачјето на Општина Битола, **рурални средини: реони Бистрица, Цапари и Кукуречани за 2025 година** | **4760** |
| | **Реон Бистрица**<br>После ул.К.Чулаковски до и во с. Буково-195,Ореово-16,Злокуќани-0,Крстоар-95,Бистрица, со Бистрички пат-381,Олевени-137,Канино-37,Барешани-97,Драгош-18,Породин- | |

| | | |
|---|---|---|
| | 52,Велушина- 32,Кишава-39,Граешница-25,Острец-21,Лажец-65 Кременица-31,Меџитлија-27,Жабени-48,Егри-47,Оптичари-76,Кравари-269,Поешево-57,Велушина-32,Кишава-39,<br>Граешница-25,Острец-21,Лажец-65,Кременица-31,Меџитлија-27,Жабени-48,Егри-47,Оптичари-76,Кравари-269,Поешево-57.<br>**Вкупно 1734** | |
| | **Реон Кукуречани**<br>Горно Оризари (стрежевска населба од АД Лозар) 392,Раштани-31,Крклино-100,Кукуречани-226,Црнобуки-70,Драгарино-15,Драгожани-33,Црнеец-42,Лопатица-72,Облаково-20,Габалавци-32,Лисолај-93,Секирани-30,Змирнево-13,Древеник-0,Од река Драгор до Д. Оризари-350,Карамани-75,Трн-16,Логоварди-153.<br>**Вкупно 1763** | |
| | **Реон Цапари**<br>Од последната ул.Лавчански пат до и во Лавци-77,Брусник-52,Дихово-123,-Нижо Поле-222,Трново Магарево-230,Ротино-60,Цапари-112,Кажани -32, Малоишта-44,Ѓавато-71,Стрежево-9,Свињишта-0,Метимер-4,Доленци-42,Рамна-18,Лера-27,Гопеш-29,Горно Српци-38,Снегово-0,Братиндол-73 .<br>**Вкупно 1263** | |

Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола во делот на уличното осветлување го опфаќа поправката и одржувањето на уличното јавно осветлување, вклучувајќи замена на оштетените улични лед светилки, вградување на нови светилки или арамтури, оспособување на системот за улично осветлување, промена на осигурачи, склопки-контактори, фоторелеи, тајмери, поправка на подземни и надземни кабли, како и друга инсталациона опрема за функционорање на уличното осветлување.

Предвидените активности за поправка и одржување на уличното осветлување во руралните средини на Општина Битола (реони Бистрица, Цапари и Кукуречани) за 2025 година ќе се извршуваат согласно предходно издаден работен налог од Општина Битола и со динамика на приоритет.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансиските средства за спроведување на активностите ќе се обезбедат од буџетот на Општина Битола.

| Р.бр. | Активност | Сума (ден) |
|---|---|---|
| **1** | Поправка и одржување на уличното јавно осветлување **рурални средини:** **реони Бистрица, Цапари и Кукуречани за 2025 година** | **3.500.000,00 ден** |

## ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Извршител на програмата е Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола, одделението за улично осветлување.

**Одговорности на извршителот:**

1. **Планирање и координација**
    - Организирање тимови за одржување и интервенции.
2. **Извршување на технички активности**
    - Рутински и превентивни одржувања.
    - Реакција на дефекти со претходно издаден работен налог.
3. **Мониторинг и известување**
    - Поднесување редовни неделни и месечни извештаи до Општина Битола.

**НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО**

Надзорот ќе го врши назначен општински орган, кој ќе биде одговорен за:

- **Следење на извршувањето:** Контрола на квалитет и навременост на активностите и ги потпишува дневните и месечните извештаии со ситуации изготвени од ЈП Комуналец Битола.
- **Усогласеност со стандардите:** Обезбедување дека активностите се во согласност со техничките и безбедносните стандарди.
- **Комуникација:** Редовна координација

Битола, декември 2024

ЈП Комуналец Битола
Директор
Горан Степановски